„Клиничко-фармацевтски услуги за специфични популации: Педијатриска, геријатриска и диетотерапевтска грижа“

"Clinical-Pharmacy service for specific populations: Pediatric, geriatric and dietotherapy care"



# ПРВО СООПШТЕНИЕ

31.10. - 02.11.2025 г. | хотел Дрим - Струга

www.pharmacypractice2025.mk

Почитувани колеги,

Современите здравствени системи поставуваат сè поголеми предизвици во осигурувањето на безбедна, ефективна и индивидуализирана терапија, особено за педијатриските и геријатриските пациенти како најранливи групи во клиничко-аптекарската пракса. Овие популации се соочуваат со различни заболувања, хронични состојби и специјални потреби во терапијата, со прецизен и персонализиран пристап од страна на фармацевтот.

Во континуитет со темите од првиот Симпозиум на Македонското фармацевтско друштво, престојниот Симпозиум ќе биде посветен на:

- **Фармацевтска грижа на педијатриски пациенти** - придонес во управување со фармакотерапија кај акутни и хронични состојби, рационална употреба на лекови и превенција на несакани ефекти.
- **Фармацевтска грижа на геријатриски пациенти** - поддршка во оптимизација на терапевтските стратегии, управување со полипрагмазија, индивидуализација на терапија и следење на употребата на лекови со тесен терапевтскииндекс.
- **Диететика и диетотерапија** - дел од холистичкиот пристап во третманот и превенцијата на заболувањата и улога на фармацевтот во поддршка на здравјето и подобрување на здравствените исходи.

Симпозиумот е наменет за фармацевти, лекари, диететичари и диетотерапевти, истражувачи и сите здравствени професионалци кои работат на оптимизација на терапијата и подобрување на здравствената заштита кај овие популации.

Програмата ќе опфати **Пленарни предавања**, водени од експерти и практичари од областите на клиничка фармација, аптекарска практика и диетотерапија, **Стручни сесии и работилници** со интерактивни и практични излагања базирани на студии на случаи и **Презентации и излагања** за современи и иновативни фармацевтски технологии од аспект на дизајнот на дозираните форми.

Изложбата на фармацевтските компании и други компании што припаѓаат на ланецот за снабдување со лекови, медицински производи и додатоци на исхрана ќе биде интегрален дел од Симпозиумот.

Во рамки на Симпозиумот, ќе се одржи Курс на тема: **„Услуга за нов лек“**, посветен на принципите и практичната примена на оваа фармацевтска услуга, насочена кон поддршка на пациентите при започнување нова терапија, особено во контекст на хроничните заболувања. Преку предавања, дискусии и примери од пракса, учесниците ќе се стекнат со знаење и вештини за примена на „Услуга за нов лек“ во секојдневната работа со пациенти. Курсот ќе биде организиран во соработка со Центарот за континуирана едукација при Фармацевтскиот факултет, УКИМ-Скопје.

Двата настани ќе бидат акредитирани од Фармацевтската комора на РС Македонија.

**Ве очекуваме заедно да ги унапредиме клиничко-фармацевтските услуги и да ја зајакнеме улогата на фармацевтите во современиот здравствен систем!**

Со почит,

**Раководител на Секција**
**за аптекарска практика**
Проф. д-р Марија Главаш Додов

**Раководител на Секција**
**за клиничка фармација**
Проф. д-р Александра Капедановска Несторовска

**Претседател на**
**Македонско фармацевтско друштво**
Проф. д-р Руменка Петковска

# ЕДУКАТИВЕН КУРС НА ТЕМА:
# УСЛУГА ЗА НОВ ЛЕК (New Medicine Service - NMS)

Почитувани колеги,

Ве покануваме да се пријавите на едукативниот курс посветен на напредната фармацевтска услуга **„Услуга за нов лек - УНЛ (New Medicine Service-NMS)“** – структурирана фармацевтска интервенција насочена кон поддршка на пациентите кои започнуваат нова терапија, особено во управување со хронични состојби.

Услугата New Medicine Service - NMS е првично воведена во Англија во 2011 г. како дел од националната стратегија за унапредување на атхеренцата (придржување кон терапијата). Од тогаш, истата е прифатена и имплементирана во повеќето европски земји, како и во земјите во регионот.

**Курсот има за цел:**

- Да го унапреди знаењето за значењето, принципите и фазите на спроведување на УНЛ
- Да ги зајакне вештините и практичната подготвеност на фармацевтите во процесот на обезбедување УНЛ во сите сегменти на интерпрофесионален здравствен систем и
- Да поттикне примена на УНЛ во аптекарската пракса како дел од фармацевтската грижа.

**Курсот ќе опфати 4 модули**, со интерактивни дискусии, сценарија базирани на случаи и симулации.

✦ **Првите два модули ќе бидат дел од програмата на 2-риот Симпозиумна Македонското фармацевтско друштво: КЛИНИЧКО-ФАРМАЦЕВТСКИ УСЛУГИ ЗА СПЕЦИФИЧНИ ПОПУЛАЦИИ: Педијатриска, геријатриска и диетотерапевтска грижа, 31.10. - 02.11.2025 г., х. Дрим, Струга:**

- **Модул 1:** Вовед во **„Услуга за нов лек“** (31.10.2025 г.);
- **Модул 2:** Пред Обезбедување **„Услуга за нов лек“** (технички аспекти) (31.10.2025 г.);

✦ **За вторите два модули, учесниците ќе бидат дополнително известени:**

- **Модул 3:** Обезбедување на **„Услуга за нов лек“**(стручни аспекти 1);
- **Модул 4:** Обезбедување на **„Услуга за нов лек“** (стручни аспекти 2).

**Курсот е наменет** за сите фармацевти во здравствениот систем (аптекарската и клиничката пракса) кои сакаат да го прошират обемот на нивните услуги преку воведување на структурирани клиничко-фармацевтски интервенции.

**Препознавање на стекнати вештини:** Сите учесници кои успешно ќе ги завршат сите четири модули ќе добијат **посебен сертификат за стекнати знаења и практични вештини**, кој ќе претставува потврда за компетентност во обезбедување на оваа напредна фармацевтска услуга.

**!!! ВАЖНО: Само учесници кои ги поминале Модулите 1 и 2,**
**ќе можат да продолжат со Модулите 3 и 4.**

- **Унапредете ја Вашата улога во тимот за здравствена грижа.**
- **Дајте вредност на лекот – со знаење, грижа и фармацевтска одговорност.**
- **Бидете фармацевтот кој пациентите го паметат по резултатите.**

**Ве очекуваме!**

## Организациски одбор

Руменка Петковска – Претседател
Марија Главаш Додов
Александра Капедановска Несторовска

## Секретари на Симпозиумот

Душко Шалабалија - Генерален секретар
Љубица Михаилова - Генерален секретар
Ивана Чешмеџиевска - секретар

## Научен одбор

Марија Главаш Додов – Раководител на секцијата за аптекарска практика
Александра Капедановска Несторовска – Раководител на секцијата за клиничка фармација

Бранислава Миљковиќ, Србија
Дарија Вранешиќ Бендер, Хрватска
Зоран Стерјев, С. Македонија
Ива Мучало, Хрватска
Јасмина Хаџиабдиќ, Босна и Херцеговина
Катарина Смилков, С. Македонија
Кристина Младеновска, С. Македонија
Лидија Петрушевска Този, С. Македонија
Магдалена Вашик-Новачик, Полска
Маја Ортнер Хаџиабдиќ, Хрватска
Матеј Штухец, Словенија
Рената Славеска Раички, С. Македонија
Руменка Петковска, С. Македонија
Сандра Везмар Ковачевиќ, Србија
Соња Бојаџиева, С. Македонија
Тијана Ковачевиќ, Р. Српска

## ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПСТРАКТИ

**Поднесувањето на апстрактите се врши електронски, со користење на прикачениот образец (MK-abstract template или EN-abstract template) од веб страната:**

[www.pharmacypractice2025.mk](www.pharmacypractice2025.mk)

Апстрактите треба да бидат напишани во фонт **Times New Roman** со **12** големина на букви, со **единечен проред** и во **А4 формат**.

Апстрактот треба да содржи: **наслов, имиња и презимиња на авторите** (да се подвлече носителот на трудот), **Институција од која доаѓаат**, а содржината на апстрактот да биде **мин. 200 и макс. 300 зборови со најмногу 5 клучни зборови**.

Апстрактите треба да бидат што е можно поконцизни и истите е препорачливо да бидат конципирани со воведен дел и цели, методологија (доколку е применлива), реултати и дискусија, заклучок и литература (најмногу две цитирани референци, **Harvard style).**

**Апстрактите може да бидат напишани на македонски или на англиски јазик.**

При поднесување на апстрактите, авторот треба да избере дали сака усна или постер презентација.

По рецензирање на апстрактите, **Научниот одбор го задржува правото одреден апстракт да го префрли од усна во постер презентација.**

Усните излагања може да се на мајчин јазик, но презентациите **МОРА ДА БИДАТ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ИЛИ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК** – напишани во Пауер Поинт (power point), во 16:9 формат).

Постер презентациите ќе се изведуваат исклучиво електронски на LCD екрани и затоа истите треба да бидат направени во размер **16:9 и резолуција мин. 300 dpi (.pdf формат).**

За сите прифатени **АПСТРАКТИ**, одлука ќе донесе Научниот одбор.

**· КРАЕН РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПСТРАКТИТЕ: 26.09.2025 год.**
**· КРАЕН РОК ЗА ПОТВРДА НА ПРИФАТЕНИТЕ АПСТРАКТИ: 06.10.2025 год.**

**НАПОМЕНА:**

**Прифатените усни и постер презентации, овозможуваат соодветни бодови од акредитацијата на настанот, <u>НО САМО ЗА НОСИТЕЛОТ НА ТРУДОТ.</u>**

**Сите прифатени апстракти за кои има платена котизација ќе бидат објавени во Книгата на апстракти.**

**Согласно одлуката на Научниот одбор, <u>авторите на избрани апстракти ќе имаат можност истите да ги објават како проширен труд во специјалното издание на Macedonian Pharmaceutical Bulletin (со DOI број).</u>**

**Повеќе информации на: [https://bulletin.mfd.org.mk/](https://bulletin.mfd.org.mk/).**

# КОТИЗАЦИЈА ЗА УЧЕСНИЦИ

| Вид на учесник | УПЛАТА ДО 12.10.2025 | УПЛАТА ОД 13.10.2025 | УПЛАТА ОД 25.10.2025 |
|---|---|---|---|
| УЧЕСНИЦИ на СИМПОЗИУМ (фармацевти, доктори и др.) | 9.920 ден. 160 EUR | 11.340 ден. 183 EUR | 13.020 ден. 210 EUR |
| УЧЕСНИЦИ на КУРС (фармацевти, доктори и др.) | 7.316 ден. 118 EUR | 8.800 ден. 142 EUR | 10.230 ден. 165 EUR |
| УЧЕСНИЦИ на СИМПОЗИУМ и КУРС (фармацевти, доктори и др.) | 14.630 ден. 236 EUR | 17.112 ден. 276 EUR | 19.530 ден. 315 EUR |
| ✦ УЧЕСНИЦИ на СИМПОЗИУМ Специјализанти и Студенти | 6.200 ден. 100 EUR | 7.440 ден. 120 EUR | 9.300 ден. 150 EUR |
| ✦✦ УЧЕСНИЦИ на СИМПОЗИУМ Претставници на компании и други придружби | 6.200 ден. 100 EUR | 7.440 ден. 120 EUR | 9.300 ден. 150 EUR |

**ВО ЦЕНАТА Е ВКЛУЧЕН 18% ДДВ**

**Висината на цената за секоја категорија, ќе се пресметува согласно ДЕНОТ НА УПЛАТАТА И ДАДЕНИТЕ РОКОВИ ВО ЦЕНОВНИКОТ.**

## КОТИЗАЦИЈАТА ЗА СИМПОЗИУМОТ ВКЛУЧУВА:

- Комплет материјал и ID карта
- Присуство на сите научни сесии
- Сертификат со одобрени бодови од ФКРСМ
- Пристап во изложбениот простор
- Присуство на свечено отворање
- Присуство на организирани ручеци и свечени вечери ✦✦✦

**НАПОМЕНА за категоријата ✦ : СПЕЦИЈАЛИЗАНТИТЕ И СТУДЕНТИТЕ, ЗАДОЛЖИТЕЛНО мора да испратат Потврда од факултет дека се запишани на студии во тек во тековната учебна година. Учесниците во оваа категорија, добиваат ID картица, програма и слободен влез на сите предавања и други организирани активности. Овие учесници ДОБИВААТ СЕРТИФИКАТ ЗА УЧЕСТВО, НО НЕ ИМ СЛЕДУВААТ ПЕЧАТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ.**

**НАПОМЕНА за категоријата ✦✦ : Претставници на компании може да бидат само вработени во Компании кои УЧЕСТВУВАААТ на настанот со Спонзорски пакет или со Штанд. Други придружници може да бидат само брачни другари или членови на потесно семејство. Учесниците во оваа категорија, добиваат програма и ID картица за слободен влез на сите предавања и други организирани активности. Овие учесници НЕ ДОБИВААТ СЕРТИФИКАТ ЗА УЧЕСТВО И ПЕЧАТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ.**

**НАПОМЕНА за категоријата ✦✦✦: СИТЕ УЧЕСНИЦИ КОИ ИМААТ ПЛАТЕНО КОТИЗАЦИЈА И НЕ СЕ СМЕСТЕНИ ВО ХОТЕЛ ДРИМ, ЗА ПРИСУСТВО НА СВЕЧЕНИТЕ ВЕЧЕРИ, РУЧЕЦИ, КОКТЕЛИ И/ИЛИ КАФЕ ПАУЗИ, АВАНСНО ПЛАЌААТ 40 € ПО ЧОВЕК, ЗА СЕКОЈА ВЕЧЕРА ПОСЕБНО.**

**СИТЕ УЧЕСНИЦИ КОИ НЕМААТ ПЛАТЕНО КОТИЗАЦИЈА И НЕ СЕ СМЕСТЕНИ ВО ХОТЕЛ ДРИМ, ЗА ПРИСУСТВО НА СВЕЧЕНИТЕ ВЕЧЕРИ, РУЧЕЦИ, КОКТЕЛИ И/ИЛИ КАФЕ ПАУЗИ, АВАНСНО ПЛАЌААТ 45 € ПО ЧОВЕК, ЗА СЕКОЈ ОБРОК ПОСЕБНО.**

**Уплатата за КОТИЗАЦИЈА се врши во агенцијата ГЛОБАЛ НЕТ АДВ**
**жиро сметка: 200-0031649772-96 | Стопанска банка а.д. Скопје**
**Цел на плаќање: „Котизација за Симпозиум МФД 31.10.-02.11.25“**

**Сите уплати мора да бидат завршени пред започнување на настанот!**

# СМЕСТУВАЊЕ

**Цени за сместување во хотелот:**

| ХОТЕЛ | Сместување | ЦЕНА ПО ЛИЦЕ/ НОЌ за ПОЛУПАНСИОН |
|---|---|---|
| Хотел ДРИМ ****<br>Струга | Еднокреветна | **75 еур** |
| | Двокреветна | **55 еур** |

**Можно е сместување и во повеќекреветни соби.**

**ОТКАЖУВАЊЕ НА СМЕСТУВАЊЕ**

- **За откажано сместување до 10.10.2025, средствата ќе се рефундираат во целост, намалени за банкарските трошоци.**
- **За откажано сместување од 11.10.2025, средствата ќе се рефундираат до 50% од уплатените средства, намалени за банкарските трошоци.**
- **За откажано сместување од 25.10.2025, НЕ СЛЕДУВА РЕФУНДАЦИЈА НА УПЛАТЕНИТЕ СРЕДСТВА.**

**ПРИСУСТВО ДО СИТЕ ЛОКАЦИИ ВО ХОТЕЛ ДРИМ, КОИ СЕ ПОВРЗАНИ СО СИМПОЗИУМОТ, ЌЕ БИДЕ ДОЗВОЛЕН САМО ЗА ЛИЦАТА КОИ ИМААТ ПЛАТЕНО КОТИЗАЦИЈА ЗА СИМПОЗИУМОТ.**

**За сите информации и детали за сместување, превоз, техничка и логистичка поддршка, ве молиме обратете се до агенцијата:**


071/317-377, Марјан
070/392-638, Лара

globalneta@gmail.com и/или
globalnetadv@globalnetadv.mk

www.globalnetadv.mk/






